| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 33335/1-3 |
| --- | --- | --- |
| | | Дата: 04.09.2020 |
| | | Страна: 1/3 |

# ОДЛУКА

**За ре-избор на  членови на Надзорниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Врз основа на член 29, став 1, точка 8 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Банката, на седница одржана на 04.09.2020, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За ре-избор на членови на Надзорниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. Собранието Банката ги ре-избира за членови на Надзорниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје:
    1. Георг Бухер;
    2. Валбурга Зајдл;
    3. Ханс Лудвиг Диксер;
    4. Славиша Којиќ;
    5. Сузана Ставриќ за независен член
    6. Кристијан Поленак за независен член
2. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор од член 1 на оваа одлука, согласно Статутот на Банката се утврдува на 4 години, освен мандатот на независниот член Кристијан Поленак, чиј мандат се утврдува до 21.09.2023 година, согласно член 88 став 1 точка 6 од Закон за банки за ограничување на три последователни мандати на независен член.
3. Членовите на Надзорниот одбор имаат право на надомест за нивното учество и работа за време на седниците, во износ утврден со Одлука на Собранието на Банката.
4. Оваа Одлука стапува на сила по добиена согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија

.

Собрание на Акционери
**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**
Претседавач
Тамара Тренчевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**на Одлуката за ре-избор на членови на Надзорниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Согласно Статутот на Банката и Законот за Банките, Надзорниот Одбор е тело на Банката. Собранието на Банката ги именува членовите на Надзорниот Одбор со Одлука која што стапува во сила по добиена согласност од Гувернерот на Народната Банка.
Законот за Банките, Статутот и другите интерни акти на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје дефинираат критериуми за способности на членовите на Надзорниот Одбор. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот Одбор треба да бидат независни, исполнувајќи ги законски пропишаните критериуми.
Согласно Статутот на Банката, Надзорниот Одбор го сочинуваат 6(шест) члена.
Претседателот, кој е одговорен за работата на Одборот и Заменик-претседателот на Надзорниот одбор, се избираат помеѓу членовите на Надзорниот одбор.
Имајќи предвид дека важечкиот мандат на членовите на Надзорниор Одбор истекува на 9 Ноември, 2020 година, предложено е Акционерското Собрание да ги ре-избере постоечките членови на Надзорниот Одбор.
Мандатот на ре-избраните членови на Надзорниот одбор од член 1 на оваа одлука, согласно Статутот на Банкате се утврдува на 4 години, освен за членот Кристијан Поленак, чиј што мандат се утврдува до септември 2023 година, согласно член 88 став 1 точка 6 од Закон за банките за ограничување на три последователни мандати на независен член, а со оглед на фактот што членот за првпат е избран за независен член заклучно со 21.09.2011.

Сите членови се позитивно оценети од страна на Комитетот за наградување и номинирање и Надзорниот Одбор, од индивидуален аспект и од страна на другите членови на Одборот.
Согласно Статутот на Банката, гласањето за номинираниот член на Надзорниот одбор е јавно, а Одлуката за именување на член на Надзорен одбор се смета за донесена, кога мнозинството акционери кои поседуваат акции со право на глас и се претставени на Собранието, гласале за таа одлука.

# О Д Л У К А
## за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на седницата одржана на ден 04.09.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година**

1. Се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на Финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година.
2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31.12.2020 по нето цена од 26.000 еур.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
**Претседавач**
**Тамара Тренчевска**

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година**

Согласно со Законот за банките на Република Македонија член 89 став 3 точка 22 и член 91 став 9 точка 9, Надзорниот одбор на Банката го одобрува предлогот за избор на друштво за ревизија која ќе ги изготви ревизорските извештаи на Банката за 2020 година. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 9 од Законот за банки (и одредбите на Статутот на Банката) се проследува до Собранието за конечно усвојување.

Договорот со сегашното друштво за ревизија ќе заврши со ревизијата која ќе се спроведе заклучно со 31 Декември 2020.

Врз основа на пристигнатата понуда од ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, како и координација со Групацијата, се предлага ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје да биде избрана како надворешна Ревизорска куќа за 2020 година, имајќи го предвид фактот дека ПрајсвотерхаусКуперс се избрани за групациски ревизор и препораката за ангажирање на локалната ревизорска куќа и во Шпаркасе Банка Македонија.

Врз основа на погореспоменатото, Надзорниот одбор предлага на Собранието на акционери на Банката за надворешен ревизор за 2020 година да биде избран ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Договорот вклучува изготвување на извештај и независно мислење согласно со локалната регулатива, Групациските стандарди и МСФИ.